# Ја слушнавте ли лагата?

Ејми Тинтера

САКАМ КНИГИ

*За Лора, Ема и Даниел.*
*Ви благодарам што имавте толку многу идеи.*

# ПРВО ПОГЛАВЈЕ

# **ЛУСИ**

Еден поткастер одлучил да ми го уништи животот, па решив да купам кокошка.

Размислувам како да ја приготвам додека седам во мојата преградена канцеларија во *Волтер Џеј Браун инвестмент сервисес* и чекам да ме отпуштат. Пред два часа престанав да се преправам дека работам. Сега само разгледувам рецепти на мобилниот, замислувајќи си како пикам лимони во газот на кокошката.

Кокошка за извинување, за дечко ми.

Слично како кокошка за свршувачка – од оние што девојките ги прават за да ги убедат партнерите да ги запросат. Само што мојава е кокошка за извинување што не му кажав дека сум главен осомничен во убиството на другарка ми.

Или скратено – кокошка за извинување.

„Луси?"

Го кревам погледот од телефонот и го забележувам шефот како стои на прагот од неговата канцеларија. Си ја мести вратоврската и се накашлува.

„Може да дојдеш малку?" ме прашува.

Конечно. Утрово решија да ме отпуштат. Стаклени ѕидови на канцеларија се чуден избор, особено кога имаш

состанок со други тројца менаџери кои непрестајно погледнуваат кон твојата асистентка за која е свикан состанокот.

„Секако.“ Го пикам мобилниот во џебот и одам во неговата канцеларија.

Не можам да се изначудам колку е беспрекорно чиста и средена, и покрај тоа што работам за него веќе речиси една година. Бежовите ѕидови се голи, во ќошињата нема натрупани кутии, бирото е празно освен мониторот и тастатурата.

Секоја вечер, кога Џери Хауел си заминува, не остава апсолутно никаков доказ дека воопшто бил таму. Ја утнал професијата, требало да биде сериски убиец.

Но има четириесет и пет-шест години – има доволно време за ново хоби.

Седнувам на столчето спроти него и се обидувам да наместам пријатен израз на лицето. Израз што нема да ме издаде дека штотуку си го замислував како убива луѓе.

(Кога си обвинет за убиство несакана последица е што поминуваш многу време размислувајќи за тоа. Почнува природно да ти доаѓа.)

Џери се допира за косата, а потоа набрзина ги скрстува рацете врз бирото. Често го прави тоа. Мислам дека имал навика да си ја чепка косата, но сега е проќелавен, па ја има потстрижено блиску до скалпот.

„Жалам, Луси, но ќе мора да те отпуштиме“, го изговара очекуваното.

Кимнувам.

„За жал, мораме да го намалиме бројот на вработените.“ Гледа во точка над моето рамо наместо во моето лице. „Отсега асистентите ќе работат за повеќемина. Челзи ќе ни помага и мене и на Рејмонд. Жал ми е.“

Тешко на Челзи. Ќе ѝ го зголемат обемот на работа, само поради некаков си поткаст.

„Разбирам.“

Станувам, а Џери изгледа како да му олеснило што нема да направам сцена.

Низ стаклениот ѕид од канцеларијата гледам дека до моето биро веќе ме чека обезбедување. Тоа е вообичаена процедура кога некој е отпуштен, но не можам да не забележам дека другите тројца асистенти со кои ја делам канцеларијата му ја збришале.

Изгледа нема да има коктелче по работа за да се испратиме со убиецот.

Моето биро не е празно како на Џери, па ми треба некое време да си ги земам шолјата, шишето со вода, чантата и неколкуте балсами за усни, додека обезбедувањето ме чека.

Типот ме придружува низ тивката канцеларија до лифтот додека дел од луѓето нè следат со погледите, а другите се преправаат дека не нè забележуваат. Челзи изгледа изнервирано.

Влегувам во лифтот. Вратите се затвораат.

Обезбедувањето се навалува кон мене со насмевка. Предните заби малку му се преклопуваат.

„И? Ти ли си? Ти ли ја уби?“

Воздивнувам. „Не знам.“

„Сериозно? Тоа е вистината?“

Вратите од лифтот се отвораат и се слуша тивко *динг*. Излегувам и го погледнувам преку рамо.

„Вистината не е важна.“

# ВТОРО ПОГЛАВЈЕ

## **ЛУСИ**

Веројатно е неправедно да кажам дека еден поткаст ми го уништи животот.

Сепак животот ми беше уништен ноќта кога Сави беше убиена.

И повторно, следниот ден, кога рано наутро решив да прошетам со нејзината засушена крв на мојот фустан.

И по третпат, кога сите во мојот град се согласија дека *јас* сум ја убила.

Но никако не можам да кажам дека поткастерот што почна да се занимава со случајот по цели пет години ми го *подобрува* животот.

Ја подготвувам кокошката за извинување, затоа што моите бивши колеги не се единствените кои ја слушаат најновата сезона на криминалистичко-документарниот поткаст на Бен Овенс. Дечко ми, Нејтан, беше чуден синоќа кога се врати од работа. Задоцни, здивот му мирисаше на пиво и ми го избегнуваше погледот. Очигледно некој му раскажал.

Да бидам искрена, не планирав да му кажам. Нејтан не го интересира речиси ништо друго освен самиот тој. Не мислев дека ќе има потреба.

Познавам многу егоцентрични мажи, но нему му нема рамен. Тоа ми е омилената работа кај него. Не се ни

сеќавам кога последно ми поставил лично прашање. Кога му открив дека две години сум била во брак, во моите рани дваесетти години, тој ми одговори: „Океј, сакаш да одиме во кино?“

Сигурна сум дека истражувал за мене на интернет на почетокот од нашата врска, но бидејќи случајот не го привлече вниманието на националните медиуми, а освен тоа не бев уапсена за случајот, човек мора убаво да покопа за да ме најде. Убедена сум дека тоа му било преголем напор на Нејтан.

Но сега, благодарејќи на мојот најнеомилен поткастер, убиство е првото што се појавува кога ќе го впишете името Луси Чејс во пребарувачот. Ете затоа подготвувам кокошка за извинување и се подготвувам да бидам откачена. Веднаш откако бев отпуштена.

Иако за тоа не би можела да го обвинам Бен „Серкото“ Овенс. Јас и Нејтан сигурно ќе прекиневме по еден-два месеци, дури и без убиството да ни висеше над глава. Се гледавме одвај три месеци кога ми понуди да се вселам кај него. Ми истече договорот за изнајмување на станот, а во тоа време уште бевме во фазата на постојан секс, така што ни се виде како логичен чекор. И онака преспивав кај него секоја вечер.

За жал, фазата заврши по две недели откако се вселив. Сигурна сум дека Нејтан се покајал што избрзал, но е тип што по секоја цена избегнува конфликти, па оттогаш живееме заедно веќе два месеци, иако ниеден од нас не е претерано радосен поради тоа.

Ова нека биде лекција за сите мажи кои избегнуваат конфликт – не бидете кукавици и откачете ја девојка ви, зашто инаку може да живеете со осомничен убиец до крајот на животот.

Влезната врата се отвора и Брустер трча да го поздрави Нејтан мавтајќи со опашката.

Би лажела ако кажам дека крзненото жолто лиценце на лабрадорот не одигра никаков фактор во одлуката да продолжам да живеам со овој маж. Можеби е сосем просечен тип, но има одличен вкус за кучиња.

И пристоен вкус за станови. Неодамна реновираниот стан од осумдесет квадратни метри со една спална соба, машина за миење садови и просторија со машини за перење и сушење алишта беше многу повеќе отколку што можев да си дозволам во Лос Анџелес. Има сив дрвен под, бели мермерни кујнски површини, кои повеќе не се толку модерни, но сепак јасно укажуваат дека плаќаш кирија од која би им се кренала косата на луѓето од останатите делови од земјата.

„Здраво, момче." Нејтан долго време го гали кучето избегнувајќи да ме погледне. „Нешто вкусно мириса."

„Направив кокошка."

Станува и најпосле ме погледнува. Вниманието го насочува кон кокошката што се лади на шпоретот.

„Супер." Ја разлабавува вратоврската и ја вади, а потоа ја откопчува јаката.

Порано уживав кога го гледав како го прави тоа. Секогаш го тегне вратот на страна кога го откопчува горното копче што е ептен секси. Секојпат кога ќе се вратеше дома, оставав што и да правев и отрчував да го бакнам. Ги провлекував прстите низ неговата темна коса, совршено исчешлана на страна за на работа, малку бушавејќи му ја затоа што мислам дека така подобро му стои.

Ме забележува како зјапам во него и одеднаш изгледа вознемирено. „Јас, кхм, ќе одам да се пресоблечам." Истрчува во спалната божем ќе го бркам за да го бакнам.

Вадам нож и виљушка за сечење на кокошката. Во тој момент сфаќам дека кокошката беше лоша идеја. Не ми е доволно грижа за да се извинувам.

Од друга страна, ако ме избрка Нејтан од станот, ќе треба да си најдам ново место за живеење, а станодавците знаат да бидат ситничари и да бараат доказ дека имаш приходи.

Ја прободувам кокошката токму во моментот кога Нејтан влегува во просторијата. Подголтнува, Адамовото јаболкце му се мрда горе-долу и за миг си замислувам како му ја забивам виљушката во вратот. Има два запци, значи

би му оставила две крвави дупчиња, како каснување од вампир.

Со другата рака го држам ножот и гледам во него, чекам. Сакам прв да го изговори. Очигледно тој смета дека сум убиец, тој треба да го изговори прв. Сигурна сум дека такви се правилата.

Зјапам во него. Тој зјапа во мене.

Најпосле вели: „Како беше на работа?“

„Ме отпуштија.“

Ме заобиколува и посегнува кон полицата до фрижидерот. „А-ха, океј. Сакаш вино? Јас ќе се напијам.“

Чекам да ги свари моите зборови, но тој само го зема шишето вино и се однесува како ништо важно да не сум кажала.

Го заривам ножот во кокошката, точно меѓу градата и поткопанот. Можеби употребив поголема сила од потребното.

Нејтан потскокнува. Се насмевнувам.

Како што тргнал, ми личи дека ќе заврши во брак со убиец.

## Поткаст „Ја слушнавте ли лагата?“ со Бен Овенс
## ПРВА ЕПИЗОДА – „НАЈМИЛОТО ДЕВОЈЧЕ НА ЦЕЛИОТ СВЕТ“

**Маја Харпер:** Се извлече да не биде осудена за убиство и сите го знаат тоа. Сите во Пламптон знаат дека Луси Чејс ја уби сестра ми, само што никој не може да докаже.

Маја Харпер имала осумнаесет години кога нејзината постара сестра, Савана, била убиена. За Савана вели дека била забавна и мила, од оние девојки кои умееле да организираат забава за помалку од еден час и да направат да изгледа како да ја планирале цел месец.

**Маја:** Беше ептен фина и добродушна. И беше најдобра сестра. Кога одеше во средно, понекогаш ми дозволуваше да се дружам со неа и нејзините другари. А не бевме блиски во години. Беше шест години постара од мене. Не познавав друг што имал повозрасна сестра која му дозволувала на помалото братче или сестриче да се влечка по фудбалски натпревари.

Маја се согласи да разговара со мене, но беше скептична дека ќе успеам да откријам ништо ново.

**Маја:** Знаеш дека моето семејство ангажира тројца различни приватни детективи, така? Моите едноставно не се откажуваа. Не знам дали има нешто да се открие.

**Бен:** Знам, да.

**Маја:** Но веројатно не може да наштети. Поминаа пет години и повеќе на никој не му е грижа што Сави е мртва. Сите се откажаа.

Куса забелешка – често ќе слушнете луѓето кои ја познавале Савана како ја нарекуваат Сави. Тој ѝ бил прекарот.

**Бен:** Значи нема новости од полицијата, од обвинителот или од некој друг?

**Маја:** Со години нема ништо. Сите знаеја дека Луси ја убила, само што не можат да докажат.

**Бен:** Немало други осомничени?

**Маја:** Не. Ама Луси била целата покриена со крвта на Сави кога ја најдоа. Под ноктите ѝ најдоа кожа од Сави, на надлактицата на Сави имаше гребаници и модринки во форма на прстите на Луси. Луѓе ги забележале како се караат на свадбата. Луси ја убила. Ја уби сестра ми и се извлече, затоа што бескорисните полицајци рекоа дека немало доволно докази за да ја уапсат.

**Бен:** Дали во скоро време си била во контакт со Луси?

**Маја:** Не, не откако си замина од Пламптон. Се нема вратено ниеднаш, иако нејзините уште живеат таму.

**Бен:** Колку што ти е познато, дали таа сѐ уште тврди дека не се сеќава на ништо од ноќта кога починала Савана?

**Маја:** Да, тоа беше нејзината приказна.

**Бен:** Ѝ веруваш?

**Маја:** Секако дека не ѝ верувам. Никој не ѝ верува.

Дали е вистина дека никој не ѝ верува на Луси Чејс? Дали крие нешто или жителите на Пламптон пет години обвинуваат невина жена за убиство?

Ајде да откриеме.

Јас сум Бен Овенс, а вие го слушате поткастот „Ја слушнавте ли лагата?“, каде што ги растајнуваме лагите што луѓето ги кажуваат и ја откриваме вистината.

# ТРЕТО ПОГЛАВЈЕ

## ЛУСИ

Излезе дека Нејтан нема мадиња.

Јадевме кокошка. Пиевме вино. Јас си играв со огромниот нож само за да го гледам како се препотува. Тој не престана да дрдори за работата.

Не ме праша дали сум убиец.

Сега едноставно ме интересира колку долго ќе трае ова. Очигледно веќе некое време сакал да раскинеме, но сега е загрижен дека ќе го убијам. Би требало наскоро да си ги најде мадињата и да ги изговори зборовите: *Те молам, исели се од станов и никогаш повеќе немој да ме контактираш*, нели?

Барем позитивно е што имам повеќе време да си најдам ново место за живеење додека го чекам неизбежното. Баш утрово најдов еднособен стан за кој не морам да приложам доказ за приходи. На сликите изгледа како дупка и станодавецот ми побара да му пратам фотографија од моите стапала, но барем е евтин.

Понекогаш си мислам дека дваесет и двегодишната јас би била ужасена од речиси триесетгодишната јас. Убавата, самобендисана нововенчана девојка со куќа со четири спални беше убедена дека ја открила тајната и успеала во животот и дека нештата ѝ одат од рака.

Врска си немала, смотана една.

Во текот на викендот аплицирав на неколку работни места и веќе ме одбија за едно. Растурам во последно време.

Но, да бидам искрена, не сакам да си најдам нова работа. Објавив три романси под псевдоним, а третата дури добро се продава, што ме изненади имајќи предвид колку малку се продаваа првите две. Тоа значи дека сега морам напорно да работам на следната книга за да извлечам најмногу што можам од популарноста на третата.

И којзнае, можеби со малку среќа, ќе се продава добро, па нема да морам да се грижам дека треба да најдам некоја ужасно здодевна работа.

Но во моментов морам да се грижам за поткастерот што ми копа по минатото и силно го вперил рефлекторот кон мене, и некој случајно да не открие дека осомничена за убиство им ја пишува новата омилена романтична комедија. Никој освен мојот агент, мојот издавач и баба ми не знаат дека пишувам романси, но на интернет сум омилената личност за разоткривање.

Мислите ме измачуваат цел викенд. Во понеделник наутро, трчам подолго на лентата за трчање во вежбалницата во зградата на Нејтан, а потоа се упатувам во блиската продавничка затоа што морам да се утешам со чоколадо. Многу чоколадо.

Продавниците во Лос Анџелес никогаш не се празни, дури ни во работен ден, бидејќи овде никој нема вистинска работа. Ја заобиколувам жената на влезот што разговара по телефон облечена во хеланки кои сигурно чинат повеќе од сите алишта што ги носам. Но задникот ѝ изгледа одлично во нив.

Се упатувам со количката кон делот за овошје и зеленчук. Можам да купам нешто што ќе треба да го исечкам на ситни парченца пред Нејтан.

(Некоја подобра личност би рекла: „Еј, го слушна поткастот, нели?“ и би му ги скратила маките. Треба да се обидам да бидам малку пофина. Можеби утре.)

Една слаба русокоса го впишува зборот лубеница со еден прст и одвај се воздржувам да не си замислам како ѝ ја треснувам главата во лубеницата.

Бадијала. Очигледно слабост ми е да си замислувам како трескам нечија глава.

Се запрашувам дали лубеницата би распукала кога во неа би била тресната човечка глава. Сигурно би се распарчила, а човекот би си заработил главоболка и парчиња лубеница размачкани по лицето.

Жената го крева погледот и забележува како зјапам во неа. Ѝ се насмевнувам како да не си замислував до пред малку како ја претепувам до смрт. Си заминува фрлајќи загрижен поглед преку рамото кон мене.

Навистина морам да се обидам да бидам пофина.

Не сакам да размислувам за убивање, но како да не можам да престанам. Не ми се случува со сите, но за многумина сум си замислувала како ги убивам.

Почна кусо откако почина Сави. Сите велеа дека јас сум убиецот, а јас не можев со сигурност да кажам дека не сум, па почнав да размислувам за сите различни начини на кои сум *можела* да ја убијам. Си велев дека ако ги разгледам сите опции, можеби некоја од нив ќе ми ја разбистри маглата во мозокот.

Досега немав среќа, но можеби еден ден ќе се сетам. Ќе си замислувам како убивам келнерка со празна чаша од милкшејк и сѐ ќе ми се врати. *А, да! Така беше! Сави и јас се каравме кој милкшејк е повкусен, дали од чоколадо или од јагода, и јас збеснав и ја убив со чашата. Пикнете ме зад решетки, полицаецу!*

Силно посакувам полицијата да го најде оружјето со кое била убиена. Ќе ме спасат од многу замислени убиства.

Мобилниот ми вибрира. На екранот го читам зборот *баба*, што воопшто не ме изненадува. Телемаркетерите и баба ми се единствените луѓе што го користат телефонот онака како што бил првично предвиден.

Го прифаќам повикот и го ставам телефонот на уво. „Здраво, бабо."

Типот до мене ми упатува мала насмевка, како да одобрува што разговарам со баба ми. Ја туркам количката до аголот и застанувам пред зелките.

„Луси, мила! Здраво. Да не си зафатена? Да не те прекинувам во нешто?“

Секогаш ме прашува да не ме прекинува во нешто, изгледа си мисли дека сум презафатена со разни друштвени активности. А јас немам ниту блиски пријатели. Само познајници од работа кои несомнено никогаш повеќе нема да ги видам.

„Не, пазарувам“, ѝ одговарам.

„Како е Нејтан?“

„Хм... Нејтан си е Нејтан.“

„Секогаш истото го кажуваш, а јас не те разбирам на што мислиш. Не го познавам човекот.“

„Добар е.“

„Така.“ Се накашлува. „Слушни. Ми треба услуга.“

„Каква?“

„Мала услуга и само сакам да те потсетам дека сум со една нога в гроб.“

„Дваесет години повторуваш дека си речиси мртва.“

„Е па, тогаш значи дека навистина сум блиску.“ Се смешка.

„Да не си пијана?“

„Луси, два саатот е попладне. Секако дека не сум пијана.“ Подзамолчува, па додава: „Само сум малку пивната.“

Се воздржувам да не се изнасмеам. „За каква услуга ме бараш?“

„Одлучив да организирам роденденска забава. Голема. Сепак полнам цели осумдесет години, знаеш.“

„Знам, да.“

Навистина знам. Роденденот на баба ми е единствениот што го паметам без потсетник.

„Ќе дојдеш, нели?“ надежно ме прашува.

Уф, бестрага.

„Не можам да го прославам без омилената внука“, се обидува да ми предизвика вина.

„Знаеш дека е невкусно да кажеш дека јас сум ти омилена внука кога имаш тројца внуци?“

„И двете знаеме дека Ешли и Брајан се кретени."

„Мислам дека треба да се преправаме дека ги сакаме."

„Добро, да, но не сакам да го прославам роденденот само со кретените."

Ќе се изнасмеев да не беше сѐ поголемиот ужас што ми ги исполнуваше градите.

„Ќе можеш да земеш некој слободен ден од работа?" ме прашува.

„Ме отпуштија."

„Е, супер! Не, сакам да кажам, жал ми е", се поправа.

„Знаеш дека и онака не си ја сакав работата."

„Тогаш го повлекувам извинувањето. Ти честитам што те отпуштиле."

„Фала."

„Е па, штом имаш толку слободно време, што велиш да ми дојдеш на подолго? На една недела? Веќе зборував со мајка ти и ми кажа дека можеш да останеш кај нив колку што сакаш."

„Една недела?" граknувам пискливо сепнувајќи ја жената што ме одминуваше.

„Па, бидејќи е во последен момент, а мајка ти, нели, си ја скрши ногата... ќе ни треба помош да ги средиме сите работи. Би те викнала да спиеш кај мене, но нема место."

Помислата да поминам еден ден во родниот град е страшна, но *цела недела*?

Седум дена во местото каде што порано бев успешна, венчана и имав пријатели кои ми завидуваа на (лажната) среќа.

Би било спротивно на победничко враќање. По пет години, се враќам како невработена разведена жена без пријатели. Не можам дури ни да се пофалам дека имам објавено три книги. Се стресувам кога прскалката почнува да ги прска зеленчуците и мојата надлактица. Се потргнувам.

„А можеби сакаш да дојдеш со Нејтан и да отседнете во хотел? Сигурна сум дека мајка ти нема да се буни ако престојуваш во хотел со Нејтан."

На момент си замислувам како го канам Нејтан да дојде со мене во Пламптон, Тексас. Се запрашувам дали тоа би било последната сламка што ќе го натера да ме откачи. Посетата на местото на злосторството веројатно би било премногу, дури и за него.

„А можеш и да ме одбиеш." Слушам тропкање на другиот крај на линијата, како коцки мраз да се одбиваат од стакло. „Знам дека си многу зафатена..."

„Знаеш дека не сум."

„Чудно што секогаш го велиш тоа. Луѓето на твоја возраст обично се многу горди што се зафатени. Една од девојките во црквата ми повтори најмалку стопати колку е зафатена. Почнувам да се прашувам да не е некаков крик за помош."

„Да не зборуваше и со тато? Да спијам кај нив?"

„Секако дека не. Се обидувам да избегнувам разговор со татко ти. Но Катлин разговарала со него. Не би помислиле да го изненадиме на тој начин."

„Да, тој не сака изненадувања."

„Да. И? Дали тоа значи дека ќе дојдеш?"

Зјапам во лубеницата и си замислувам како ја треснувам од својата глава.

„Луси?"

Трепнувам. „Извини. Лубеница."

„Не купувај лубеница, доаѓаш во Тексас!"

„Оф, Боже."

„Така?" надежно прашува.

Воздивнувам. Не можам да го одбијам единствениот член од семејството што го сакам. Една од единствените *личности* што ги сакам. „Да. Доаѓам во Тексас."

Нежен глас, глас што постојано се обидувам да го игнорирам, ми шепнува во увото: *„Ајде да го убиеме..."*

Го стегам мобилниот и се обидувам да го избркам гласот.

„Ох, одлично! Мислиш дека и Нејтан ќе сака да дојде?"

Растреперено вдишувам. Гласот го нема. „Мислам дека не може да земе денови од работа.“

„Ах, да. Добро, тогаш ќе купам авионски билет само за тебе. Одговара да полеташ викендов?“

„Не мора ти да ми го купиш билетот.“

„Глупости, мерак ми е. И онака наскоро ќе умрам.“

Можеби сите наскоро ќе умреме, но тешко дека ќе ми се исполни таа надеж.

„Одговара викендов.“ Размислувам за нејзините последни зборови. „Чекај, да не си болна?“

„Колку што знам не сум, но моите пријатели паѓаат како покосени, па е само прашање на време.“

„Така треба, само позитивно.“

„Слушни ме сега. Повеќе не возам многу-многу, но би можела да дојдам до Остин да те соберам. Ако ми запали колата. Во последно време, кога сака пали, кога сака не пали.“

„Не грижи се, ќе изнајмам кола и ќе спијам во хотел.“

„*Тоа* нема да ѝ се допадне на мајка ти.“

Го штипнувам месото меѓу веѓите со прстите.

„И Луси?“

„Молам?“

„Го имаш слушнато поткастот, нели? Оној за тебе?“